СОЗДАВАМЕ
ИДНИНА
ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА
РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска
анализа/дијагностика:

# **Животна средина, климатски промени и живеалишта**

## Извршно резиме

Заштитата на животната средина и живеалиштата, како и климатската криза со која се соочуваме, стануваат се погласни теми во јавноста, во медиумите, на научните дебати и во политичката сфера.Еколошките ризици доминираат во Извештајот за глобалните ризици на Светскиот економски форум за 2022 година - и на краток и на долг рок.Резултатите на истражување на јавната свест во Република Северна Македонија од 2021[i] покажуваат дека испитаниците го детектирале недостигот на чиста вода како најголем општествен проблем, по што со висок процент на учество следуваат климатските промени, пред корупцијата и криминалот, деградацијата на природата и екстремните временски услови.

Интеграцијата во Европската заедница е главен двигател за усогласување на стратегиите и законодавството со европските стандарди и критериуми, како и обврските кои државата ги има со ратификување на меѓународни конвеции во овие области. Во последните години вложени се исклучителни напори да се усогласат стратешките насоки во областа животна средина, климатски промени и природни живеалишта со секторските политики, особено кога станува збор за климатските промени. Прогласени се нови заштитени подрачја и поднесени се директиви за птици и живеалишта. Националната стратегија за **заштита наприродата** ја дава следната **визијаза2027** г.“**Разновидната и зачувана природа на Македонија е основа за здраво и просперитетно општество**”, а само Долгорочна стратегија за **климатска акција** со Акциски план дава **визијадо 2050** г. “**Република Северна Македонија до 2050 година е просперитетна ниско јаглеродна економија, која ги следи одржливите и климатски отпорни развојни патишта, ја зајакнува конкурентноста и промовира социјална кохезија преку акција за борба против климатските промени и нивните влијанија**”. Голем дел на закони, подзаконски акти беа усвоени или беа подготвени и се чека на нивно усвојување (Закон за природа, Закон за инспекциски надзор, Закон за климатска акција и др.) но останува уште многу работа за усогласување со европските директиви и подготовка на нови стратешки документи за заштита на амбиентниот воздух (старите се истечени). Невладиниот сектор е исклучително активен во оваа тематска област и е добро организиран во најчесто неформални мрежи и коалиции. Притисокот од јавноста и граѓанските организации се почесто претставува значаен двигател на корективи мерки и активности во заштитата на животната средина и климатските промени, ја подобрува транспарентноста и отчетноста на Владата.Дополнително, последниот извештај на Европската комисија од 2021 година за напредок на државата во однос на Поглавјето 27, нотира дека административниот капацитет на сите нивоа останува слаб, со недоволно финансиски средства за спроведување на постојното законодавство и на политиките. Дијалогот со граѓанското општество и процесите на консултации со јавноста во овој сектор треба да се подобрат и да се подобри транспарентноста и пристапот до информации.

Податоците се основата за сите акции поврзани со животна средина, а стратешките документи во оваа тематска област бараат широк дијапазон на податоци. Голем дел од нив се собираат од различни актери (идентификувани се 25 институции од различни профили за целата тематска област), и има голем број делумно развиени или тестирани бази на податоци во различни области. Податоците од пописот кој се спроведе во 2021 по скоро дваесет години, ќе дадат нова димензија на досегашните анализи.Постои недостиг на координација меѓу базите на податоци, а извесен дел од овие бази не се функционални на одржлив начин. Потребна е да се зголеми финансиската поддршка за мониторинг и да се воспостави редовна координација на сите клучни актери со цел да се избегне дуплирање на активности/проекти и ефикасно искористување на средствата.

Известувањето за животната средина преку индикатори претставува амбициозен потфат, кој успешно го спроведуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот завод за статистика со повеќе од 200 индикатори во скоро 20 области. Оваа импресивна листа е дополнета со нови индикатори поврзани со климатски промени, род, штети и загуби поврзани со климатски промени и Целта за одржлив развој 13 (Климатски промени).

Повеќе од 900 граѓани од сите возрасти, лица со посебни потреби, претставници на институции на национално и локално ниво, граѓански организации и приватен сектор,преку активно учество на 8 визионерски работилници низ целата држава покажаа дека имаат силна свест за значењето на здравата животна средина за иднината на државата. **Граѓаните ја гледаат Република Северна Македонија како зелена, здрава, чиста и јаглеродно неутрална развиена модерна држава која е дел од семејството на ЕУ**. Промените кои се потребни нивната визија да се оствари, предизвиците кои треба да се надминат и што секој од нив би сторил да ја заштити животната средина и да се справи со последиците од климатските променигграѓани се накратко прикажани во следната табела (деталите се дадени во поглавје 4):

| Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година<br><br>ВИЗИЈА | Образложение на потребите; очекувани придобивки<br><br>ЗОШТО | Клучни мерки и активности за постигнување на промените<br><br>КАКО |
|---|---|---|
| Подобра заштита на животната средина и живеалиштата | • Подоброобразование, едукација и акција<br>• Дишемечиствоздух | • Ќе бидам Министер за образование и ќе вметнам во наставната програма елементи за зачувување и подобрување на животната средина<br>• Практична настава во природата за да им се објасни на децата и младите за заштита на животната средина<br>• Поголем број на инспектори за животна средина и почести инспекциски надзори |
| Политиката и инвестициите се засноваат на зачувување на природните живеалишта | Истражување, пренесување на знаење, градење капацитети, вмрежување, дефинирање, мониторинг на спроведување на стратешките цели со користење на добри практики од странство | • Да се праватcost-benefit анализи за заштитените подрачја, со цел да се овозможи и економски развој на жителите, освен заштита на природата и биодиверзитетот<br>• Учество во проекти и размена на искуства<br>• Едукацијанаполитичарите |
| Климатскитепроменисемитигирани | • Индустријакојанезагадува<br>• Обновен возен парк, ,јавен транспорт со експресни возови поголема искористеност на железницата за поодржлив патен сообраќај<br>• Зелени градови (Урбано зеленило, урбани градини и урбани коридори во градот, улици претворени во зелени патеки) | • Воведувањечисти и современитехнологии<br>• Ќе бидам инспирација за другите за поодговорен и подобар живот<br>• Ќе јадам храна со помалку $CO_2$<br>• Ќесепреселамвосело<br>• Ќе ги зачувам видовите кои потешко се адаптираат на климатските промени (зачувување на синџирот на исхрана) |
| Подобрена соработка меѓу приватниот сектор и општините | • Еко - смартопштини<br>• Локални акции според потребите на заедницата | • Организирање обуки за доближување на проблемите за климатски промени и начините за нивно решавање<br>• Развој на проекти за еко - смарт општини |

Интегрален став кој се провејуваше на сите работилници е дека животната средина не може и не треба да се разгледува како посебна област, туку во спрега со буквално сите останати области (од енергетика и отпад до здравство и туризам, од владеење на правото и социјална политика до просторно планирање, иновации и земјоделие итн.). Овие врски се детално опишани во поглавјето 5 и опфаќаат социоекономски аспекти, зелени работни места, енергетска сиромаштија и праведна транзиција, просторно планирање, млади, род и др. Предизвиците кои треба да се надминат се однесуваат на усвојување/промена на соодветна легислатива во однос на европските стандарди и подобрување на надлежности, како и подобрена имплементација на стратешките документи од оваа област.

Заштитата на животната средина и живеалиштата, како и справувањето со климатските промени не се во надлежност само на Владата, општинитеили приватните компании.Финансиската и техничката поддршка од меѓународната заедница и донатори се клучни во оваа тематска област. Одржлив економски развој со минимално и одржливо користење на природните ресурси е срцето на новата Стратегија за развој на нашата држава, бидејќи ќе овозможи усогласување на целите на животната средина со долгорочните национални, социјални и економски интереси, во поширок контекст. Со паметни акции засновани на податоци и наука ќе се спречи нарушување на природната рамнотежа на екосистемите, ќе се заштитат природните вредности и ќе се овоможи хуман живот "отпорен" на климатските промени кои не очекуваат.

## ВИЗИИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ВИЗИОНЕРСКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ

**ТЕТОВО** – Држава со добра инфраструктура и незагаден воздух, што ги обезбедува сите потребни услови за квалитетен живот на граѓаните

**ШТИП** – Држава со роботи кои загадените честички во воздухот ќе ги апсорбираат и ќе го прочистува воздухот

**ВЕЛЕС** – Високо ниво на заштитени области, во семејствата на геопаркови, со што ќе се заштити природата и ќе се ублажат климатските промени

**СКОПЈЕ** – Македонија е лидер во генерирање кадри за животна средина и лидер во бројот на млади кои се вклучени во носење одлуки за животната средина

**БИТОЛА** – Меѓу земјите од Европа кои котираат на врвот во чистота, безбедност, континуиран развој

**СТРУМИЦА** – Членка на ЕУ, јаглеродно неутрална (или близу); енергетски независна и технолошки развиена